# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

FS 549642

Бр. 08-3061/1
9.11.2015 година
Скопје

International Chamber of Commerce

Предмет: Покана за стручна расправа

Почитувани,

Поаѓајќи од значењето на индустријата за вкупната стопанска структура на земјата, а со цел да се отвори расправа за актуелните состојби и развојни перспективи на носечките индустриски гранки во Република Македонија, Стопанската комора на Македонија организира стручна расправа на тема:

***Идентификување на генерирачките потенцијали на носечките индустриски сектори во Република Македонија низ примерот на проучувањето на улогата и важноста на индустријата за основни метали во националната економија***

Целта на расправата е отворање дискусија за спознавање на потребата за научно и квантитативно проучување на важноста на носечките индустриски сектори во земјата низ примерот на изработената „Економска импакт-анализа и студија за проучување на развојниот потенцијал на индустријата на основни метали" од д-р Митко Кочовски и д-р Дарко Лазаров, усвоена од Здружението на металургијата при Стопанската комора на Македонија.

На расправата, покрај претставниците на носечките индустриски гранки во државата, поканети се и претставници на Владата на Република Македонија, претставници на Советот на странски инвеститори, на финансискиот сектор, на научни институции и други заинтересирани субјекти.

Ве покануваме да учествувате на стручната расправа и да дадете свој придонес во дефинирањето на идните индустриски политики и градењето на стратешки приод за натамошен индустриски развој на земјата.

**Стручната расправа ќе се одржи на 16 ноември 2015 година (понеделник), со почеток во 11,30 часот, во Стопанската комора на Македонија, сала 4 на петти кат.**

Ве молиме, Вашето учество да го најавите до 13 ноември 2015 година. Лице за контакт во Стопанската комора на Македонија: Зорица Мешкова, тел. 02/3244 019, е-адреса: zorica@mchamber.mk.

Со почит,

СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Извршен директор,
Д-р Јелисавета Георгиева

Прилог:
- Агенда;
- Резиме од „Економска импакт-анализа и студија за проучување на развојниот потенцијал на индустријата на основни метали"

Подготвила: З.Мешкова, сам.советник
Одобрила: Б.П.Ѓуриќ, директор на Дирекција

Association of Balkan Chambers

EUROCHAMBRES

Balkan Center for Trade Promotion

European Banking Federation
The Voice of European Banks

eurelectric

enterprise europe network